**УГОТУР А.Д.-СКОПЈЕ**
**Бр._______**
**Скопје, _______.2016 г.** **Предлог**

Врз основа на член 35 од Статутот на Уготур Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија (во натамошен текст Уготур А.Д.-Скопје) како и членовите 457,459,460, а во врска со членовите 455 и 456 од ЗТД, Собранието на акционери на Уготур А.Д.-Скопје на ден 10.06.2016 г. ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За одобрување на голема зделка и зделка со заинтересирана страна

**Член 1.**

Се ОДОБРУВА голема зделка и зделка со заинтересирана страна која се однесува на набавка на стоки и услуги на Уготур А.Д.-Скопје како продавач и купувач од Фершпед А.Д.-Скопје како купувач и продавач на стоки и услуги.
ЗДЕЛКА

**Член 2.**

1.Уготур А.Д.-Скопје како купувач на стоки (суровини и материјали за производство на оброци за исхрана) и корисник на услуги во висина од 16.000.000,00 денари и останати услуги во висина од 2.000.000,00 денари.

2.Уготур А.Д.-Скопје како продавач давател на услуги во висина од 300.000,00 денари или вкупниот износ на зделката по точките 1 и 2 18.300.000,00 денари.

3.Фершпед А.Д.-Скопје како продавач и купувач на стоки и давател на услуги во обем и висина како во точка 1 и 2 во вкупен износ 18.300.000,00 денари.
Вредноста на зделката претставува 60,30% од активата на Друштвото која изнесува 30.344,664,00 денари во деловната 2015 г.со што се исполнети условите за зделка со заинтересирана страна согласно ЗТД.

**Член 3.**

Заинтересирани страни од член 1 на оваа Одлука се:
Фершпед А.Д.-Скопје од причина што истиот е акционер во Уготур А.Д.-Скопје каде поседува 24,37% од акциите со право на глас кој се јавува како продавач и Уготур А.Д.-Скопје како купувач на стоки и услуги.

**Член 4.**

Со донесување на оваа одлука, друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговски друштва и важечкиот Статут на друштвото.

**Член 5.**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Годишно Собрание на акционери**
**на Уготур А.Д.-Скопје**
**Претседавач,**

____________________

**Образложение**

Во изминатиот период Фершпед А.Д.-Скопје заради својата солидарна позиција на пазарот како купувач од производители на прехрамбени производи и други производи за извршување на својата дејност особено за својата мрежа на хотели беше во позиција да обезбеди по адекватни услови за испорака и со пониски цени на материјали и суровини за подготовка на оброци и други услуги на Уготур А.Д.-Скопје. Имајќи ја во предвид предлог одлуката бр.028/5 од 28.03.2016 г. разгледана и потврдена од Одборот на директори, предложена од извршниот директор и извештајот за ангажман за уверување во постапка за одобрување на голема зделка и зделка со заинтересирана страна на Уготур А.Д.-Скопје, изготвена од страна на Бенд ревизија и консалтинг ДОО Тетово, предметната одлука е во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност. Собранието со оваа одлука се согласува дека големата зделка и зделката со заинтересирана страна со Фершпед А.Д.-Скопје е во согласност со законските прописи на Р.Македонија, дека зделката е правична, утврдена е со пазарните услови и е поткрепена со извештај-мислење од страна на независен овластен ревизор, со што се очекува бенифит за друштвото, и затоа на малцинските акционери им се препорачува да ја подржат и големата зделка и зделка со заинтересирана страна.

Големата зделка и зделката со заинтересирана страна утврдена е со пазарните услови и не постои несразмерност во земените давања на страните.